# ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Број 4 година XXXII

Декември 2019 г.



## СРЕЌНИ НОВОГОДИШНИ И БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ

## СОДРЖИНА

2 страна
***Перформанс "Конекции"***

3 и 4 страна
***Нови социјални служби на РЦПЛИП - ПОРАКА во Прилеп и Штип***

5 страна
***Завршна конференција на ЕУ проектот "Попреченоста е прашање на перцепција"***

6 и 7 страна
***Национално одбележување на 3 декември, Меѓународен ден на лицата со попреченост***

7 - 12 страна
***Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА по повод 3 декември, Меѓународен ден на лицата со попреченост***

13 страна
***Работилница за SWOT анализа***

14 страна
***Конференција "Инвестирање во социјални услуги - Инвестирање во луѓе"***

15 страна
***Активности на ЕАСПД - Европската асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост***

16 страна
***Интерактивна кулинарска работилница со шеф Марк Де Јонг***

***"ПОРАКА"***
*Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА*

**Гласилото излегува секои 3 месеци**

***Уредувачки одбор:***
**Василка Димоска**
**Владо Крстовски**
**Маја Ѓацоска**

***Печати:***
*Дата Понс, Скопје*
Тираж 1.000 примероци
**Декември 2019 г. Број 4, год. XXXII**

Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:
"Орце Николов" бр. 122, 1000 Скопје;
тел.: 329 69 61; факс: 329 69 60
E-mail: **poraka@t-home.mk**
Web: **www.poraka.org.mk**

**Според Министерството за култура на РМ, со одлука 07-2613/2, за гласилото ПОРАКА се плаќа повластена даночна стапка од 5%.**

***Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА.***

# Театарско музички перформанс "Конекции"

**Успешно воспоставената соработка меѓу Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА и „Театар Пи" продолжи и оваа година. Изминатиов период екипата на „Театар Пи" напорно работеше со лицата со интелектуална попреченост, корисници на дневните центри - ПОРАКА Скопје. Заеднички се подготвуваа за нов театарско музички перформанс во кој учествуваат професионални актери и музичари и лицата со интелектуална попреченост.**

Замислете живот во кој блесокот на сонцето во светлината сјае премногу светло. Каде бучавата од радиото ти прави да кашлаш наместо да танцуваш.

Каде што вкусот на чоколадата е горчлив, а не сладок. Замислете дека прегратката на некој близок те прави потежок. Бакнежот се собира, мирисот на роза ти станува болен.

Потоа замислите свет што има премногу високи очекувања. Очекувања за едно едноставно: како си? Тешкотијата на едноставното реагирање на социјалните нијанси. Каде што секој мами, прекорува, прељубува, преувеличува. Сепак. Можам да видам работи што минуваат незабележани? Можам да ги помирисам цвеќињата, покрај кои ќе поминете само. Јас не сум опструиран и немам попреченост. Не ми пречи ништо. Ништо што е важно. Можам да учам поинаку. Можам да го гледам поинаку. Можам да вкусам и да се чувствувам поинаку. Па, јас сум личност. Јас сум твојот син, ќерка или внук, или некој што поминува покрај вас на тротоар. Јас сум неверојатен.



Ова е накратко сижето на перформансот Конекции кој се одигра во Домот на култура „Кочо Рацин", Скопје, на 19.12.2019 година. Режијата беше на Златко Митрески и Македонка Илиевска. Музиката ја изведоа Гаврило Миловановиќ, клавијатури, Јован Витанов, фагот, Ева Малиновска, виолончело, Златко Митрески и Дино Рамо, тапани.

Во перформансот играа Трипун Атанасов, Емилија Белимбеговска, Ана Беќарска, Лара Бошковиќ, Жаклина Велковска, Дино Рамо, Љупчо Ристовски, Дарко Урдаревиќ и Пируника Киселички.

## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Отворени нови социјални сервисни служби во мрежата на РЦПЛИП – ПОРАКА

## Дневни центри за лица со интелектуална попреченост над 18 години во Прилеп и Штип

***Една од целите на Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА е развивање на социјални сервисни служби во заедницата, согласно принципите за изедначување на можностите на лицата со интелектуална попреченост.***

Изминатиот период, РЦПЛИП – ПОРАКА и локалната организација ЦПЛИП – ПОРАКА Прилеп, а во соработка со Општина Прилеп, реализираа активности за прераснување на постојниот социјален клуб во Прилеп во дневен центар за лица со интелектуална попреченост. Се презедоа дополнителни активности за реорганизација и средување на просториите, односно реализирано беше поставувањето на нов под во една од просториите, бојадисување на просториите, корекција на прозорите и електричната инсталација, како и реновирање и адаптирање на тоалетите. Дополнително, општина Прилеп обезбеди дел од опремата и обновување на дел од мебелот.

Ангажираните лица во поминаа низ обука во дневниот центар – ПОРАКА Скопје. По направената проценка и прием на корисници, дневниот центар започна со работа во втората половина на ноември 2019 година.

Свеченото пуштање во употреба се одржа на 3 декември, Меѓународен ден на лицата со попреченост. На отворањето присуствуваа и градоначалникот Илија Јованоски и претседателот на Совет на Општина Прилеп, Миле Талевски.

„Денеска сме во дневниот центар за лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Прилеп. Им честитам за новите простории кои се реновирани, реконструирани, исполнети со нова опрема, каде лицата со интелектуална попреченост ќе имаат можност да се рекреираат, да се дружат и да се образуваат. Навистина сум среќен од изјавата на еден родител, кој вели дека неговото дете има постигнато голем напредок откако го посетува дневниот центар. Ваквата инклузивност, им е повеќе од потребна на лицата со интелектуална попреченост, со цел надминување на предрасудите и бариерите кои стојат на патот. Овие деца ја имаат можноста да ги добијат сите бенефити од бизнис заедницата, министерствата, невладините организации од општината.

Ние како општина се залагаме за подобрување на условите за живеење на лицата со интелектуална попреченост, а во тој правец минатата година го отворивме дневниот центар за лица со церебрална парализа, а сега го отвораме дневниот центар за лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Прилеп, а сѐ со цел овие лица да се вклучат рамноправни чинители во општеството", истакна градоначалникот Илија Јованоски.

„Огромно е задоволството што денеска присуствуваме на отворањето на новиот дневен центар за лица со интелектуална попреченост за лица на возраст над 18 години, што е резултат на заедничката иницијатива на Општина Прилеп, во соработка со Министерството за труд и социјална политика и Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА. Морам да ви потврдам дека е многу голем успех за една општина за две години да отвори два дневни центри и навистина како општина треба да бидете горди на вашиот пристап за остварување на правата на лицата со интелектуална попреченост. Тоа покажува дека сте отворени за соработка со граѓанскиот сектор, а самото тоа што сме партнери во отворањето на овој дневен центар и фактот што денеска почитуваниот градоначалник Илија Јованоски е со нас, но не само денеска на 3 декември,





## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА

покажува дека Општина Прилеп секогаш е пријателски расположена и се става во поддршка на нашата организација. Со овој дневен центар имаме двојна бенефиција, прво за самите корисници, за нивните родители и општеството", истакна д-р Василка Димоска, Генерален секретар на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА.

Во моментот дневниот центар - ПОРАКА Прилеп брои 12 корисници. Центарот работи од понеделник до петок, од 08:00 до 16:00 часот. За непречено функционирање на дневниот центар, склучен е договор со Општина Прилеп и РЦПЛИП – ПОРАКА, преку својата локална организација ЦПЛИП – ПОРАКА Прилеп.

---

Во рамките на ООУ „Гоце Делчев" во Штип се изнајдоа просторни можности за функционирање на дневен центар за лица со интелектуална попреченост. Изминатиот период, РЦПЛИП – ПОРАКА, општина Штип и Министерството за труд и социјална политика заеднички учествуваа во реконструкцијата, реновирањето и опремувањето на просторот. По завршувањето на овие активности, на 23.12.2019 година се организираше отворање на Дневниот центар за лица со интелектуална попреченост над 18 години во Штип.

На отворањето присуствуваа и министерката за труд и социјална политика, Мила Царовска, градоначалникот на општина Штип, Благој Бочварски и претседателот на РЦПЛИП – ПОРАКА, Чедомир Трајковски. Министерката Царовска истакна дека дневниот центар во Штип е одличен пример за соработка меѓу граѓанска организација, локална самоуправа и централна власт.

„Дневните центри коишто изминатиот период ги отворивме низ цела држава значат многу во локалната заедница затоа што тие помагаат во исполнувањето на одредбите од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, кои се однесуваат на правото на самостојно живеење, лична мобилност, пристап до образование, здравствена заштита, рехабилитација и вработување. Развојот на ваквиот вид услуги на локално ниво ги следат индивидуалните потреби на секое дете и лице со попреченост и на нивните семејства. Овие сервиси се мост до другите системи на поддршка. Само така, можеме да обезбедиме целосно вклучување на лицата со попреченост во општеството", рече Царовска. „Ова е одлична можност лицата си попреченост да бидат во контакт со општеството и заедницата со можност да се стекнат со одредени вештини.

На крајот од денот овие лица треба да се чувствуваат самореализирано. Сето ова значи втора фаза во развојот на социјалната заштита во нашата држава. Локалната самоуправа, централната власт и граѓанските организации се клучни партнери за отворање на овие центри" истакна министерката Царовска.

„Тројното партнерство помеѓу Општина Штип, Министерство за труд и социјална политика и Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА" даде одлични резултати. Во само три средби успеваме да реализираме нешто што е многу значајно. На првата средба се договоривме, на втората средба го видовме овој запуштен простор и се договоривме да го изреконструираме, а веќе денес на третата средба го пуштаме во употреба овој дневен центар, истакна градоначалникот Бочварски.

„Овие сервисни служби се почеток за осамостојување и самостоен живот на лицата со интелектуална попреченост. И тие имаат право на избор, имаат право да одлучуваат како и каде ќе живеат. Овој дневен центар во Штип, како и другите сервисни служби кои досега сме ги отвориле, се надевам дека ќе овозможат и другите општини ќе го следат го следат за пример" изјави Чедомир Трајковски, претседател на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА.

Обезбедувањето на континуитет во работата на овие дневни центри, овозможува социјализација и интеграција на лицата со интелектуална попреченост и претставува основен предуслов за разбивање и надминување на предрасудите и бариерите со кои тие се соочуваат. Сите ние заедно треба да работиме во насока на целосна и вистинска инклузија на лицата со посебни потреби и поткревање на свеста кај институциите, но и кај граѓаните за потребата од прифаќање и поддршка на лицата со посебни потреби во сите сфери на општественото живеење.





## Завршна конференција на ЕУ проектот „Попреченоста е прашање на перцепција”

# Лицата со попреченост да се вклучат во креирањето политики и носењето одлуки во сите аспекти од животот

***Потребно е поквалитетно информирање за лицата со попреченост, намалување на предрасудите кон нив и спроведување позитивни кампањи за промовирање на еднаквоста на граѓаните во општеството. Неопходно е унапредување на ресурсите во образованието, обезбедување обуки и подобри услови за кадарот кој работи со децата со попреченост со цел обезбедување квалитетно образование.***

Дополнително, треба да се отстранат архитектонските бариери за слободно движење на лицата со попреченост. Ова се некои од пораките кои ги упати Бранимир Јовановски од Националниот совет на инвалидски организации на настанот организиран по повод националното одбележување на Меѓународниот ден на лицата со попреченост - 3 декември.

Во рамки на настанот, се одржа завршната конференција од проектот „Попреченоста е прашање на перцепција” што го спроведуваа Институтот за медиуми и различности од Лондон, Македонскиот институт за медиуми и Националниот совет на инвалидски организации на Македонија, со поддршка на Европската Унија. Низ различни активности на проектот кој беше фокусиран на унапредување на механизмите за соработка меѓу медиумите и граѓанските организации кои работат со лицата со попреченост, беа опфатени 14 медиуми, како и четириесетина граѓански организации кои ги застапуваат лицата со попреченост, во улога на учесници на обуките или како спроведувачи на мали грантови.

Мајк Џемпсон од Институтот за медиуми и различности од Лондон, истакна дека прирачникот „Попреченост: на виделина” продуциран во рамки на проектот, каде тој е еден од авторите, треба да демонстрира дека лицата со попреченост се „хендикепирани” само бидејќи другите луѓе и институциите не се подготвени да им излезат во пресрет.

Владо Крстовски, претставник на НСИОМ, порача дека е потребно натамошно унапредување на соработката помеѓу медиумите и организациите на лицата со попре-ченост и на стратешкиот пристап во градењето на коали-ции кои ќе придонесат за подобри резултати во однос на видливоста на лицата со попреченост во медиумите, а со тоа и делување врз општата јавна свест.

Медиумската покриеност на лицата со попреченост треба да се подобри кај медиумите на македонски и на албански јазик. Потребен е поголем новинарски ангажман при идентификувањето теми поврзани со лицата со попреченост, нивно конзистентно покривање се до покренување реакции од институциите и разрешување на проблемите, а новинарските содржини треба да промовираат нормализација на дискурсот во однос на лицата со попреченост, рече Весна Никодиноска од МИМ.

Амбасадорот Жбогар рече дека „битката со дискриминацијата не значи само промена на закони, туку и прифаќање мерки за промена на ставови и однесувања што ги стигматизираат и маргинализираат лицата со попреченост.” Осврнувајќи се на проектот, тој истакна дека очекува тој да резултира со зајакнување на лицата со попреченост: „Очекувам да видам повеќе лица со попреченост вклучени во креирање политики и носење одлуки во сите аспекти од животот. Очекувам да видам дека државата се доближува до мотото на ЕУ „Обединети во различноста”.

Во рамки на настанот што се одржа во Владата се обратија премиерот Зоран Заев, министерката за труд и социјална политика, Мила Царовска, министерот за здравство, Венко Филипче, министерот за образование и наука, Арбер Адеми, Шефот на Делегацијата на Европската Унија, Самуел Жбогар, како и координаторот на Националното Координативно тело, Спасе Додевски. Министерката Царовска истакна дека воспоста-вувањето координативно тело и национален координатор кој ќе ги обедини сите надлежни институции, претставува значаен исчекор во унапредувања на положбата и правата на лицата со попреченост. Таа истакна дека развојот на услугите за лицата со попреченост, како персонални асистенти и помош во домот, остануваат значајна задача за министерството и институциите. Инклузивноста е процес кој постојано се надополнува и надоградува, додаде министерот Адеми, а донесувањето на измените во Законот за основно образование придонесоа кон унапредување на можностите и положбата на учениците со попреченост. Посебните училишта ќе се трансформираат во редовни, а кадарот кој досега работел во нив ќе пружа стручна помош и поддршка во училиштата.



**Преземен текст од www.vlada.mk**

# Национално одбележување на 3 декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост

## Со силно темпо и со крупни чекори го фаќаме ритамот на европските напредни практики за имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост

Владата, во координација со Национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост, предничи и ги промовира и штити правата на лицата со попреченост во областите како што се: еднаквост и недискриминација, слобода на движење, самостојно живеење, образование, пристап до стоки и услуги, вработување, правен капацитет, пристап до правда, здравство, политичко учество, вклучително и правото да гласаат и да бидат гласани на избори, истакна денеска во своето обраќање претседателот на Владата на Република Северна Македонија Зоран Заев на одбележувањето на Меѓународниот ден на лицата со попреченост – 3 декември, и на завршната конференција на ЕУ проектот „Попреченоста е прашање на перцепција".

„За разлика од претходните, речиси минимални активности за спроведување на одредбите од Конвенцијата, со стартот на работата на Национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на лицата со попреченост во 2018 година, се воспостави рамка која вклучи независни механизми за промовирање, заштита и следење на спроведувањето конвенција согласно препораките на ОН. Дополнително, Акцискиот план на Национално координативно тело за правата на лицата со попреченост обезбеди јасен пакет на приоритети и насоки за спроведување на Конвенцијата", истакна премиерот Заев, апелираше сите постојни и нови закони, политики и програми усвоени од Владата, да бидат во согласност со Конвенцијата, и додаде дека останува и понатаму определбата за инклузивност и за конструктивен дијалог со репрезентативните организации на лицата со попреченост за целосно остварување на слоганот „Ништо за нас - без нас".

Министерката за труд и социјална политика, Мила Царовска истакна дека со социјалната реформа се унапредуваат правата и се развиваат услуги за лица со попреченост, а МТСП ги зголеми финансиските трансфери кон лицата со попреченост.

„Воведовме право за надоместок за лица со интелектуална попреченост. Го зголемивме надоместокот за скратено работно време до 50 % од просечна плата . Речиси сите деца, имаме уште 2 деца, се извадени од институциите и се згрижени во групни домови. Со Законот ја гарантиравме персоналната асистенција и услугата одмена во домот. Овие услуги ќе ги развиваат општините. Навистина сум среќна што од вкупно 65 општини кои аплицирале кај нас за грантови дури 56 аплицирале за развој на услуги во домот за лица со попреченост и ги поттикнувам исто така организациите да се вклучат во овој процес", рече Царовска.

Министерот Венко Филипче ги презентираше бројните мерки и активности што ги спроведува Министерството за здравство за да им се овозможи на лицата со попреченост целосно вклучување во општеството, како меѓународно признаено универзално право.

„Активно се вклучивме во интерсекторскиот проект за подготовка на новиот модел на функционалната проценка за дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка на дете или младинец, базиран на Меѓународната Класификација на Функционалности како значајна реформа базирана на светските текови за давање на потполна поддршка на најмладата популација во општеството подготвен од Светската здравствена организација и УНИЦЕФ. Дадовме целосна поддршка на процесот и преку реформирање и отворање на нови здравствени центри за рана интервенција во кои од најраната возраст ќе се следи развојот на децата кај кои постојат и најмали индикации за постоење на болести поврзани со нивна попреченост. Отворивме пилот центар за функционална спреченост и поддршка на деца и млади во Скопје и сензорна соба, која третира вакви деца и го



## Преземен текст од www.vlada.mk

заокруживме процесот на опфаќање деца во рамки на одделението за логопедија, како и деца од одделението за рехабилитација на слух, кои имаат потреба од дополнителен третман", рече министерот Филипче и истакна дека Министерството за здравство ќе продолжи со активностите за подигање на свеста на здравствените работници и за зајакнување на капацитетите на јавно здравствените установи како одговор на потребите на лицата со попреченост.

Арбер Адеми, министерот за образование и наука, зборуваше за приоритетите на министерството меѓу кои се издвојува јакнењето на стручните служби во училиштата кои работат со учениците со попреченост, како од аспект на обезбедување доволен број наставници, специјални едукатори и рехабилитатори, педагози и психолози, така и од аспект на подигнување на нивната стручност преку континуирани обуки и тренинзи, но и зголемување на мотивацијата за работа преку подобрување на материјалниот статус и условите во кои ги извршуваат работните обврски.

„За оваа учебна година, ангажиравме вкупно 295 образовни и лични асистенти, кои заедно со сите останати членови на инклузивниот тим од кој дел се и самите родители, ќе им помагаат на учениците за полесно совладување на материјата и подигнување на свеста на другите ученици за потребите на учениците со попреченост", информираше министерот Адеми.

Координаторот на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост, Спасе Додевски, нагласи дека ратификацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост е обврска за сите влади за неодложно имплементирање на нејзините препораки.

„Гордо и со исклучително задоволство, тврдам, дека со силно темпо и со огромни чекори го фаќаме ритамот на европските напредни практики и ја менуваме свеста преку мотивот едно општество и исти права за сите. Воедно ве убедувам дека по квалитетот и одржливоста на основниот систем за поддршка и вклучување на лицата со попреченост во здравство, образование и социјална заштита кој го воспоставивме сме најдобри во регионот. Ова се должи на блиската меѓуресорска соработка со која се гордеам, и на посветеноста на сите вклучени за поддршка на процесот", потенцираше Додевски.

Шефот на делегацијата на ЕУ во нашата земја, амбасадорот Самуел Жбогар истакна дека имплементацијата на Конвенцијата на ОН, и политиките на Европската Унија за поддршка на лицата со попреченост за единство во различностите, се совпаѓаат со принципите на стратегијата за едно општество за сите на Владата. Тој нагласи дека тоа беше и главната мотивација за поддршка на проектот „Попреченоста е прашање на перцепција", имплементиран во партнерство помеѓу Националниот совет на инвалидските организации, Македонскиот институт за медиуми и Институтот за различности во медиумите од Лондон, во чии рамки денеска беше презентиран и прирачникот за граѓанските организации кои работат на унапредување на состојбата на лицата со попреченост „Попреченост: На виделина".

## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Активности на локалните организации на РЦПЛИП – ПОРАКА по повод одбележувањето на 3 декември, меѓународниот ден на лицата со попреченост

**ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица** реализираше низа активности по повод одбележувањето на 3 декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост. Тргнувајќи од идејата за промоцијата на почитување на правата на лицата со попреченост на сите нивоа во образовниот систем, вклучувајќи ги децата од најрана возраст, членови на организацијата ги презентираа боенките изработени во изминатиот период, а во рамки на проектот „Моја – твоја – наша боја!". Презентациите беа направени во четирите општински основни училишта во Струмица пред учениците од прво одделение, преку креативни работилници. Членовите на ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица, со поддршка на стручниот тим и наставниците во училиштата, беа ментори на учениците и им помагаа од точка до точка да ги креираат цртежите, а потоа и да ги обојат. Учеа и за животните, овошјето, зимата и летото, кои како теми се обработени во боенките. Под мотото „МОЈА – ТВОЈА – НАША БОЈА!", ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица на 3.12.2019 во Дом на АРМ – Струмица, ја организираше главната манифестација по повод одбележување на 3 декември, Меѓународниот ден на



лицата со попреченост. На манифестацијата беа претставени боенките и рачните изработки со новогодишни мотиви, кои членовите ги изработуваа во текот на втората половина од годината. Присутните гости на манифестацијата, за симболична сума, ги купуваа боенките, ракотворбите и украсите, а парите собрани од

## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

продажбата на креациите ќе бидат искористени за опремување на социјалниот клуб на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица со потребните материјали за натамошна работа. На манифестацијата, ученици од општинските основни училишта се претставија со рецитали/мини драми за еднаквоста на децата, во кои вклучени беа и членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица, односно и лица со интелектуална попреченост, со што се пренесе порака за еднаквост, заедништво и потребата од поголема инклузија во сите пори на општеството. Програмата заврши со цитирање на некои од правата предвидени во Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, право на образование, право на работа, здравство, социјална заштита и сл., кои како пароли ги кажаа нашите членови, а учениците, рака за рака со нив, дадоа краток осврт на тие права и потребата од нивно почитување од сите. Се даде и краток осврт за значењето на 3 декември и правата на лицата со попреченост, како и за главната цел на реализација на програмските активности на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица и значењето на социјализацијата и инклузијата на лицата со попреченост во општеството. На настанот присуствуваа членови на Советот на општина Струмица, директори, дефектолози, психолози, социјални работници и логопеди во сите основни и средни училишта од општина Струмица, ученици, нивни родители, пријатели, соработници, поддржувачи, претставници на младински организации, невладини организации и други организации и институции.

**ЦПЛИП - ПОРАКА Виница** во текот на месец ноември организираше работилници за рачни изработки на новогодишни честитки и украси заедно со посебната паралелка од ООУ „Кочо Рацин" од с.Блатец. Работилниците се одржуваа во социјалниот клуб на ЦПЛИП - ПОРАКА Виница. На 2.12.2019 година, претставници на ЦПЛИП - ПОРАКА Виница остварија средба со директорот на центарот за социјална работа, Борјанка Стоименова на која посочивме дека е неопходно да направиме истражување и анкети со семејствата на лицата со интелектуална попреченост потенцијални корисници на социјалниот клуб од руралните средини. На 4 декември, по повод одбележувањето на Меѓународниот ден на лицата со попреченост, како и одбележување на половина година од отворањето на социјалниот клуб, се организираше продажна изложба на изработки од претходно реализираните работилници во просториите на организацијата. На овој настан присуствуваа претставници на РЦПЛИП - ПОРАКА, претставници на локалната самоуправа, центар за социјална работа, корисниците на Дневен Центар Виница, претставници на бизнис секторот, претставници на ЦПЛИП - ПОРАКА Штип, сограѓани и претставници на институциите од општината. Во насока на достојно искажување благодарност за поддршката од институциите и бизнис секторот беа врачени и плакети и благодарници за сите кои помогнаа да се стартува со опремување и функционирање на овој клуб. На 12.12.2019 година ЦПЛИП - ПОРАКА Виница оствари работна средба со Градоначалникот на Општина Виница, Ивица Димитров, на која беа изнесени потребите на организацијата и сервисната служба и беа презентирани плановите и програмата на организацијата за 2020 година. На 12.12.2019 година се одржа работилница со членови на ЦПЛИП - ПОРАКА Македонска Каменица, посебната паралелка и членовите на социјалниот клуб во просториите на ЦПЛИП ПОРАКА Виница.

**ЦПЛИП - ПОРАКА Радовиш** со свои активности на локално ниво го одбележа 3 декември, меѓународниот ден на лицата со попреченост. Активностите ги следеа насоките и овогодинешната тема „Промовирање на учеството на лицата со попреченост и нивното лидерство: преземање акции поврзани со 2030 Агендата за развој". На локално ниво, ЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш се обиде да ја зајакне општествената слика за лицата со попреченост ставајќи акцент на способностите и можностите на лицата со попреченост, а не на нивната попреченост. На 2.12.2019 година корисниците на дневниот центар беа на инклузивен час по музичко образование во ООУ „Крсте Петков Мисирков". Заедно со учениците, преку песна ги покажаа своите способности и можности за музичко изразување и дека преку музика и песни сите се еднакви во споделување на среќа и позитивна енергија. Исто така, корисниците на дневниот центар се запознаа со најразновидни музички инструменти што учениците ги користат за вежби во музичкото образование. На 3.12.2019, во просториите на дневниот центар, ЦПЛИП - ПОРАКА Радовиш го одбележа меѓународниот ден на лицата со попреченост. Поканети беа градоначалникот на општина Радовиш, Герасим Конзулов, градоначалникот на општина Конче, Благој Илиев, претставници на Советот на општина Радовиш, на фирми од приватниот сектор, претставници на јавните институции: центар за социјална работа,





## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

агенција за вработување, завод за пензиско и инвалидско осигурување, здравствен дом, детски градинки, основни и средното училиште, како и претставници на невладини организации, родители на лица со попреченост, и локалните медиуми. Настанот започна со музички нумери на хорот при ООУ „Крсте Петков Мисирков", а потоа следеше обраќањето на претседателот на ЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш, Виолетка Србакова. Краток осврт за значењето на 3 Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, правата, потребите и можностите на лицата со попреченост, нивна интеграција во општествениот живот даде Татјана Костадинова, ангажирана во дневниот центар – ПОРАКА Радовиш. Во знак на благодарност за финансико-материјална поддршка на функционирањето на дневниот центар, ЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш додели благодарници до институции и поединци. ЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш организираше и постави изложба на ракотворби од корисниците на дневниот центар, кои за симболични суми се продаваа. Собраните средства наменски ќе се искористат за купување на работни материјали потребни за реализација на работно-окупационите активности во дневниот центар – ПОРАКА Радовиш. На 6.12.2019 корисниците на дневниот центар ја посетија печатницата СОНИ каде се запознаа со начинот на печатење на разни канцелариски материјали, изработка на визит картички, роденденски покани, а исто така, за нив ќе им испечатат новогодишни календари и шолји со нивните слики. На 8.12.2019, во организација на Вешта жена „Верица" се организираше „Радовишка Етно софра", по повод 3 декември, со богата музичка програма, а беше од хуманитарен карактер. Се лицитираше на солени и благи приготвени од членовите на ОЖ „Верица" од Радовиш и Струмица, а собраните средства беа наменети за корисниците на дневниот центар – ПОРАКА Радовиш, за лекување на едно дете и едно социјално загрозено семејство до с.Подареш.

**ЦПЛИП - ПОРАКА Битола**, по повод одбележувањето на Меѓународниот ден на лицата со попреченост, 3 Декември, реализираше неколку настани, согласно предвидената програма. Гостувањето на отсекот за Превенција на полицијата при СВР Битола, на покана од ЦПЛИП – ПОРАКА Битола и работилница, односно предавање за „Сообраќајна култура-движење во сообраќај и сообраќајни правила" се одржа на 27.11.2019



година во просториите на социјалниот клуб – ПОРАКА Битола. На инклузивната работилница присуствуваа и учениците од 5 одделение при ООУ „Тодор Ангелески" од Битола. Корисниците заедно со учениците и полицијата соработуваа и учествуваа во работилницата, поставувајќи прашања, со што покажаа голем интерес, дисциплина и познавање на мал дел од сообраќајната култура. На 29.11.2019 година се одржа заедничката инклузивна работилница на корисниците од социјалниот клуб - ПОРАКА Битола со ученици од ООУ „Тодор Ангелевски" од Битола, при што се изработија флаери и пораки кои беа поделени за време на настанот „Нацртај љубов", а по завршувањето на истиот флаерите се делеа и низ Широк Сокак. На 3.12.2019 година се реализираше главниот настан „Нацртај љубов" кој се одржа во „Арт Галерија Магаза" - плоштад Магнолија од 13 – 16 часот. Учесници и поддржувачи на самиот настан и инклузивната работилница беа ООУ „Тодор Ангелевски", ООУ „Климент Охридски" и ЗРДОС „Кочо Рацин" од Битола. Пренесувајќи порака за недискриминација, другарство, соживот, љубов, почитување на различностите, а притоа со покажување на можностите на лицата со интелектуална попреченост ЦПЛИП – ПОРАКА Битола го одбележа Меѓународниот ден на лицата со попреченост. Беше поставена изложба на ликовни творби, изработени ракотворби од лицата со интелектуална попреченост членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Битола, со акцент на познатите тетоважи од Васко Војновски. Со цел подобро вклучување во сите сегменти од општественото живеење, но и како еден од начините за надминување на предрасудите и стереотипите во заедницата, споделувајќи ги ракотворби, ЦПЛИП – ПОРАКА Битола покажа дел од можностите, талентите и потенцијалите на лицата со интелектуална попреченост пред многубројните гости и посетители на изложбата и работилницата. На музичкиот перформанс настапија корисниците на социјалниот клуб – ПОРАКА Битола, а потоа заеднички настапија и со учениците од ООУ „Тодор Ангелевски. Настап имаа и членовите од „Анастасија центар", училиште за сценски уметности и музички настапи. По завршувањето на инклузивната работилница на сите оние кои во текот на 2019 година го поддржуваа Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Битола, им беа врачени благодарници, а пишуваните пораки и дел од ликовните творби беа разделени низ Широк Сокак. ЦПЛИП – ПОРАКА Битола во соработка со Црвен Крст - Битола и Завод за трансфузиологија - Битола по повод 3 декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост на 6.12.2019 година ја организираа третата по ред традиционална крводарителска акција, во просториите на ЦПЛИП – ПОРАКА Битола. На акцијата како крводарители присуствуваа дел од вработените на Општина Битола, СВР Битола, како и волонтери од ЦПЛИП – ПОРАКА Битола.

**ЦПЛИП - ПОРАКА Кавадарци** за одбележување на 3 Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, реализираше посета на локалниот медиум КТВ Кавадарци, при што лицата со интелектуална попреченост имаа можност директно да се запознаат со

## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

функционирањето на една телевизиска куќа и начините на презентирање на вестите пред јавноста. На 5.12.2019 се одржа трибина со ученици од повисоките одделенија од ООУ „Тоде Хаџитефов" на која говореа Марија Шандарова, дефектолог во училиштето и членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Кавадарци. На трибината се говореше за теми од областа на попреченоста и човековите права. На 6.12.2019 во просториите на ЦПЛИП – ПОРАКА Кавадарци се реализираше работилница со лицата со интелектуална попреченост на која се изработуваа различни предмети од глина.

**ЦПЛИП - ПОРАКА Делчево** се приклучи во кампањата „Денови на хуманоста - дарувај со љубов" која општина Делчево ја организира по втор пат по повод 3 декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост. Во рамките на оваа кампања беа организирани низа активности. На 2.12.2019 година, во кино салата во Делчево, се реализираше музичкиот концерт „Музиката од светот", во изведба на Дејан Ѓоргиевски и Елена Трајкова, каде гости беа и членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Делчево. На 3.12.2019 година во просториите на дневниот центар беше отворена сензорна соба, а во вечерните часови, во кино салата се прикажа филмот Врба на Милчо Манчевски.

**ЦПЛИП - ПОРАКА Демир Хисар** во соработка со СОУ „Крсте П. Мисирков" од Демир Хисар, а под покровителство на градоначалникот на општината Марјанче Стојановски, на 02.12.2019 година свечено одбележаа два датуми, 41 година од формирањето и делувањето на 26.11.1978 година и одбележувањето на 3 декември, Меѓународен ден на лицата со попреченост. За 41 годишно делување зборуваше Љубе Димчевски, претседател на организацијата кој се осврна на активностите што ги реализираше ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар во годината што измина. Во своето обраќање градоначалникот Марјанче Стојановски пред присутните ги искажа своите заложби за подобрување на условите на интеграција во општеството на лицата со интелектуална попреченост. Во рамките на одбележувањето на Меѓународниот ден на лицата со попреченост беше распишан конкурс на тема „Надежта живот значи". Пристигнатите творби и цртежи беа разгледани од посебни комисии кои ги прогласија наградените. На учениците им беа врачени дипломи за освоено место и пригодни награди во книги и школски прибор обезбедени од ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар и познати демирхисарски писатели и поети. Благодарници за учество на конкурсот за ликовни и литературни творби им беа доделени на наставници и професори кои работеа со наградените ученици. За успешна работа и поддршка на активностите на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар во 2019 година беа врачени благодарници на поединци и институции, како од јавниот, така и од приватниот сектор. На 3 декември ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар ги отвори вратите на социјалниот клуб кој беше посетен од претставници на локалната самоуправа, установи, организации, институции, здруженија на граѓани кои беа засегнати со работата на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар и значењето 3-ти декември, Меѓународен ден на лицата со попреченост.

**ЦПЛИП - ПОРАКА Скопје** следејќи ги препораките од Обединетите Нации кои за овогодишното одбележување на 3 декември, Меѓународниот ден на лица со попреченост, ја препорача темата „Промовирање на учество лицата со попреченост и нивно лидерство: преземање акции поврзани со 2030 Агендата за развој" реализираше низа активности. На 29.11.2019 година членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Скопје зедоа учество на настанот „Игри без маска", театар без дискриминација, кој се одвиваше во Македонскиот Народен Театар. На 3.12.2019 година беше проследен концертот на народни песна и ора организиран од Здружението на лица со телесен инвалидитет и КУД „Билјана" при НССРМ, во Домот на АРМ. На 4.12.2019 година се спроведе заедничка работилница со активистите на граѓанското здружение за морални и духовни вредности „Изгрев" и корисниците на услугите на дневните центри на ПОРАКА Скопје. Тема на истата беше „Исти права за сите лица". Во периодот од 2.12 - 7.12.2019 година беа реализирани неколку спортски содржини во кои учествуваа корисниците на дневните центри на ПОРАКА во Скопје и тоа: спортување во спортската сала при ООУ „Љубен Лапе", заедно со учениците од истото училиште; спортување во СУГС „Здравко Цветковски", активност која беше овозможена од Одделението за спорт на Град Скопје, и рекреативно пливање во базенот при ВИП Арена, активност овозможена и поддржана од Ротари клуб Скопје и ПК „Вардар 8". Во текот на месец декември 2019 година се интензивираа подготовките за прикажувањето на краткиот театарско музички перформанс „Конекции" подготвен и режиран од страна на актери од Театар Пи, а изведуван од страна на корисниците на услугите на дневните центри - ПОРАКА Скопје. Премиерата на





## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

театарско музичкиот перформанс беше одиграна на 19.12.2019 година во Домот на културата „Кочо Рацин" во Скопје.

**ЦПЛИП - ПОРАКА Македонска Каменица** го одбележа 3 декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, со настан којшто се одржа во Домот на културата во Македонска Каменица, а беше организиран во соработка со основците и гимназијалците од училиштата во Македонска Каменица. Целта беше да се испрати порака за еднаквост и инклузија на лицата со интелектуална попреченост во општеството. Присутни беа претставници од сите институции при Општина Македонска Каменица, претставници од приватниот сектор, спортисти и луѓе од различни сфери од општественото живеење. На настанот со свои точки се претстави корисниците на социјалниот клуб – ПОРАКА Македонска Каменица. За време на настанот ЦПЛИП – ПОРАКА Македонска Каменица додели благодарници на луѓето кои ја дадоа својата поддршка за реализирање на програмските активности на организацијата во текот на 2019 година.



**ЦПЛИП - ПОРАКА Велес** активно се вклучи во одбележувањето на 3 декември, меѓународниот ден на лицата со попреченост. На 2.12.2019 претседателката на ЦПЛИП – ПОРАКА Велес беше гостинка во утринската програма на локалното радио „5-фм" и говореше за значењето на Меѓународниот ден на лицата со попреченост, начинот на одбележување , препораките од ООН итн. Во текот на разговорот се спомна и за Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, за значењето на овој стратешки документ и за степенот на имплементацијата до кој е стигната нашата држава. Притоа имаше неколку јавувања во живо со прашања и коментари од слушателите. Истиот ден, се оствари посета на дневниот центар за лица со попреченост во Велес, каде им се подели промотивен материјал изготвен од РЦПЛИП – ПОРАКА, брошурата „Разбивање предрасуди –самостојно живеење" и лесно читлива верзија на „Меѓународниот договор за правата на лицата со попреченост". На 3.12.2019 во ПОУ „Маца Овчарова"- Велес се одвиваше Традиционална ликовна работилница, во која учествуваа и членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Велес, а по избор на комисијата, беа одбрани 12 цртежи кои се ставени на промотивни календари за 2020 година.




**ЦПЛИП - ПОРАКА Прилеп,** спроведе неколку активности за да го одбележи Меѓународниот ден на лицата со попреченост. На 28.11.2019, во просториите на дневниот центар, се реализираше работилница за изработка на накит со ученици од СОУ „Ѓорче Петров". На 2.12.2019 корисниците на дневниот центар беа во посета на СОУ „Ѓорче Петров". За време на посетата корисниците имаа можност да добијат козметички и фризерски третмани по нивна желба. На 3.12.2019 се организираше официјално отворање на дневниот центар. На настанот присуствуваа Градоначалникот на општина Прилеп, Илија Јованоски, претставници од локалната самоуправа, од РЦПЛИП – ПОРАКА, ученици од СОУ „Ѓорче Петров" и членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Прилеп. Во рамките на овој настан, корисниците на дневниот центар заедно со ученици од СОУ „Ѓорче Петров" пишуваа пораки за значењето на оваа сервисна служба во заедницата. На 19.12.2019 корисниците на дневниот центар заедно со дел од учениците од СОУ „Ѓорче Петров" и учениците од ООУ „Кочо Рацин", на градскиот плоштад подаруваа рачно изработени честитки и гласило на РЦЛИП - ПОРАКА. Целта беше подигнување на јавната свест кај граѓаните во однос на лицата со интелектуална попреченост, испраќајќи ја пораката дека и тие се дел од ова општество и дека се корисни граѓани и допринесуваат во неговото функционирање.



## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

**ЦПЛИП - ПОРАКА Крива Паланка** традиционално секоја година, по повод 3 декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост организира и спроведува конкурс за изработки на ликовни и литературни творби на кои учествуваат учениците од основните училишта на ниво на општините Крива Паланка и Ранковце. На 28.11.2019 година беа избрани најдобрите творби од конкурсот и на наградените ученици им беа доделени дипломи. Истиот ден беа реализирани и посети во домовите на три семејства кои имаат членови со интелектуална попреченост.

**ЦПЛИП - ПОРАКА Гевгелија**, во рамки на одбележувањето на 3 декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост реализираше низа активности. На 3.12.2019 ЦПЛИП - ПОРАКА Гевгелија со своите членови активно се вклучи во настанот организиран од Заедницата на инвалидски организации во Гевгелија, под мотото: „И НИЕ ПОСТОИМЕ". Настанот започна со дефиле кое се движење од Центарот за социјална работа - Гевгелија до театарот во Гевгелија. Во рамки на дефилето 7 членови на ЦПЛИП - ПОРАКА Гевгелија, заедно со нивните мајки зедоа активно учество, а покрај нив учествуваа и претставници од Центарот за социјална работа, од сите здруженија на лица со попреченост заедно со нивните членови и поддржувачи. Целта беше зголемување на видливоста на лицата со попреченост, проблемите со кои се соочуваат, како и подигнување на јавната свест во насока на еднаквост и прифаќање на овие лица. Дефилето заврши во Народниот театар во Гевгелија каде пред граѓаните се обратија претседателите на сите здруженија. Тие побараа од државата и, пред се од локалната самоуправа подобрување на условите за живеење, вработување на работоспособните членови на овие здруженија без никаква дискриминација. Претседателката на ЦПЛИП – ПОРАКА Гевгелија се обрати пред присутните гости на настанот, притоа истакнувајќи ги проблемите и предизвиците со кои се соочуваат лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства. Притоа побара од Градоначалникот и Општината да се вложат повеќе напори за институционална поддршка на овие лице и делување на промена на политиките кои ги засегаат овие лица. За време на настанот пред присутните се обрати и градоначалникот на општина Гевгелија, кој истакна дека општината и досега излегувала во пресрет на барањата на лицата со попреченост, и тоа ќе го прави и во иднина, пружајќи им помош и поддршка. Како и создавање напори за отворање нови програми и сервиси кои ќе бидат согласно потребите на лицата со посебни потреби. Одбележувањето на Меѓународниот ден на лицата со попреченост, членовите на гевгелиските здруженија го завршија со пригодна културно уметничка програма.

**ЦПЛИП - ПОРАКА Штип**, 3 декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, го одбележа со повеќе активности. Се реализираше посета на Територијалната противпожарна единица во Штип каде членовите се запознаа со улогата, значењето и важноста од постоењето на оваа служба во секојдневното живеење во спасување на животот во пожари, несреќи. На покана од ДСУ „ИСКРА", членовите на организацијата присуствуваа на приредбата подготвена по повод 3-ти декември и во друштво со учениците поминаа прекрасни моменти. Во оправдано отсуство на градоначалникот, Билјана Казанџиска – претставник од локалната власт, ги посети членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Штип и ја истакна заложбата и поддршка на Општина Штип за оваа категорија лица за реализирање на нивните потреби. На 3.12.2019 год. во 18 часот во Дом на млади - Штип се одржа централното одбележување на овој ден. Програмата беше збогатена со музички и сценски настап од членовите на ЦПЛИП - ПОРАКА Штип заедно со членови на градскиот хор од Штип, на школата за фолклор при Академијата ЕУРО АРТ, балетска група Стреет данце Урбан Црењ, песни и рецитали од членови на ЦПЛИП - ПОРАКА Штип. На настанот се прогласија и се доделија наградите за освоено прво, второ и трето место на учениците од основното училиште Славејко Арсов – Штип за најдобра напишана поезија и проза на тема „Мојот пријател инвалид". На 23.12.2019 беше отворен дневниот центар за лица со интелектуална попреченост над 18 годишна возраст. На отворањето присуствуваа министерката за труд и социјална политика, Мила Царовска, Градоначалникот на општина Штип Благој Бочварски, директорот на ООУ „Гоце Делчев" Штип, Трајче Димов, претседателот на РЦПЛИП – ПОРАКА, Чедомир Трајковски, претставници на извршната канцеларија на РЦПЛИП - ПОРАКА, претставници на општина Штип, претставници на јавните претпријатија, институции и установи, претставници на бизнис секторот од општина Штип, невладини организации, родители, граѓани и безброј останати поддржувачи. ЦПЛИП - ПОРАКА Штип додели признанија и благодарници на лицата кои придонесоа за отворањето на дневниот центар.





**Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА**

# Одржана работилница за разгледување на SWOT анализите и тековното оперативно работење на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

***Работилницата за SWOT анализи и оперативно работење има за цел консолидирање и унапредување на активностите и делувањето на локалните организации на РЦПЛИП – ПОРАКА.***

РЦПЛИП – ПОРАКА години наназад организира и одржува работилници на кои се разгледуваат и дискутираат изготвените SWOT анализи на локалните организации. SWOT анализата е структуриран метод за планирање на идните стратегии на организацијата, а воедно е мошне корисна и за проценување на актуелната состојба внатре во организацијата, со сите нејзини предности и слаби страни, но и можностите и заканите кои доаѓаат од опкружувањето во кое таа организација делува. Оваа алатка, доколку реално и објективно се изготви, ќе користи за изнаоѓање на начини и модуси за подобрување и надминување на слабите страни на организацијата со цел уште поефективно да делува во својата област. Исто така, претставува солидна основа за подготвување на реални и ефективни акциони планови на организацијата, како и на повеќегодишни стратешки планови за развој на организацијата и на социјалните услуги кои ги нуди за своите членови.

Оваа година Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА одржа работилница за разгледување на SWOT анализите и тековното оперативно работење на локалните организации. На овие работилници им претходеа состаноци на управните одбори во проширен состав на локалните организации на РЦПЛИП – ПОРАКА на кои се дискутирало за актуелните состојби во самите организации, и врз основа на донесените заклучоци се изготвиле и SWOT анализите.

Работилницата која ја спроведе РЦПЛИП – ПОРАКА се одржа во периодот 15 - 17 ноември 2019 година во хотел Континентал, Скопје на која учествуваа по двајца претставници од локалните организации.

Првиот дел од работилницата беше целосно посветен на разгледување на SWOT анализите од локалните организации. Секој од учесниците имаше можност да ја презентира изготвената SWOT анализа и да ги прикаже реалните состојби во организацијата и во општината со кои таа се соочува, но истовремено и потешкотиите со кои се соочуваат лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства во нивното опкружување. Понатаму, учесниците ги презентираа и активностите кои во моментот се актуелни во нивните организации, како и активностите кои планираат да ги преземат во наредниот период, а водат кон унапредување на квалитетот на живеење за лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства.



Тимот на РЦПЛИП – ПОРАКА, но и останатите учесници, по завршувањето на секоја презентација даваа забелешки и совети во однос на работењето на секоја од локалните организации, притоа истакнувајќи ги и позитивните примери на успешно работење. Она што како сублимат произлезе од анализата на работењето на секоја организација беше дека треба да се размислува за заземање на поинаков пристап во осмислувањето и реализирањето на активностите. Потребно е да се изнаоѓаат нови видови на активности со цел да се унапреди соработката како со локалните власти, така и со останатите чинители во општината.

Последниот ден беше искористен за презентација и дискусија за новините во Законот за социјална заштита кој беше донесен во мај 2019 година, како и за новините во новиот Закон за основно образование кој стапи на сила во август 2019 година. Потоа следеше презентација за канцелариско и архивско работење. Во последниот дел од работилницата, учесниците имаа можност да слушнат и за активностите кои РЦПЛИП – ПОРАКА ги реализираше во рамки на проектите и обуките во кои активно учествува. Претставниците на РЦПЛИП -ПОРАКА и на локалните организации кои зедоа учество во обуките ги презентираа своите стекната знаења и ги споделија нивните искуства и впечатоци.

Работилницата за SWOT анализи и оперативно работење има за цел консолидирање и унапредување на активностите и делувањето на локалните организации на РЦПЛИП – ПОРАКА. Тоа е од особено значење во градењето и одржувањето на партнерските односи со локалните власти, како би можеле активно да придонесуваат за унапредување на човековите права на лицата со интелектуална попреченост во местото на живеење и подобрувањето на квалитетот на нивното живеење.

## Партнерства на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Конференција “Инвестирање во социјални услуги – Инвестирање во луѓе”

## Новата правна рамка за обезбедување на социјални услуги, засновани во заедницата

“Инвестирање во социјални услуги - инвестирање во луѓе” беше темата на Конференцијата која ја организираше Ептиса, со техничка поддршка на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА. Конференцијата се одржа на 18 декември во Холидеј Ин во Скопје на која учествуваа голем број на чинители кои директно се вклучени во работата на социјалните услуги во нашата земја.

На конференцијата беа презентирани новите правни рамки во Македонија, поточно подзаконските акти за социјалните услуги изработени од Министерството за труд и социјална политика, а поддржани во рамките на проектот „Поддршка на модернизација и деинституционализација на социјалните услуги” реализиран од ЕПТИСА“. Се разгледаа следниве подзаконски акти: за помош и нега во домот, за лична асистенција, за згрижување, за живеење со поддршка и за услуги во заедницата.

На конференцијата присуствуваше Министерката за труд и социјална политика Мила Царовска. „Како Влада којашто се грижи за унапредувањето и заштитата на човековите права на сите лица со попреченост, со развојот на социјалните услуги, го менуваме моделот на поддршката што ја добиваат нашите сограѓани и ја менуваме свеста кај граѓаните во прифаќањето на различностите. Исто така, Северна Македонија е прва земја во регионот која што го менува начинот на финансирање на услугите преку методологија за утврдување на цените и носење одлуки за висината на цените на услугите. Преку овој модел ќе придонесеме за воведување на мноштво услуги и ќе создадеме нови работни места во секторот за социјална заштита, а граѓаните ќе добијат квалитетна поддршка на локално ниво“, рече Царовска.

Софи Бумо, претставничка на Делегацијата на Европската унија, истакна дека Делегацијата го признава високото ниво на посветеност на министерката Царовска во унапредувањето на услугите засновани во заедницата, процесот на децентрализација и градење на капацитет на локално ниво.

„За социјалните услуги да се спроведуваат успешно, потребно е сите професионалци во социјалниот сектор, како и корисниците на услугите, општините и граѓанските организации да бидат активно вклучени во процесот и мора да имаат целосно разбирање на правната рамка. Исто така, важно е за сите засегнати страни во овој процес да добиваат информации од Владата за примената на Законот, односно за тоа како се спроведува, кои се предностите, а кои слабостите во имплементацијата. Делегацијата на Европската унија заедно со другите партнери за развој – особено УНИЦЕФ



и Светската Банка заедно работат да ги зајакнат достапните ресурси за спроведување на условите на Законот. Голем дел од обврските беа преземени од страна на Министерството за труд и социјална политика, кои работеа заедно со експертите на составување на овие Закони“, истакна Софи Бумо, претставничка на Делегацијата на Европската унија.

Роберт Кроис, тим лидер на проектот „Поддршка на модернизација и деинституционализација на социјалните услуги” кој ЕПТИСА го реализира во изминатиов период, а финансиран од Европската Унија, истакна дека ЕУ ги поддржува напорите на Владата во спроведувањето на Националната стратегија за деинституционализација. Целта на овој проект е да се поддржи воспоставувањето и достапноста на социјалните услуги во заедницата низ целата земја и да се намали бројот на деца и возрасни со попречености кои живеат во долгорочни станбени институции за социјална заштита, а особено да го поддржи развојот на соодветна правна и политичка рамка во примена на Стратегијата, да го зајакне капацитетот на државните и недржавните актери на национално и локално ниво за спроведување на Стратегијата, особено меѓу службените лица на институциите на локалната самоуправа.

***Генералниот секретар на РЦПЛИП - ПОРАКА, д-р Василка Димоска и програмскиот менаџер Владо Крстовски дадоа свој придонес во реализацијата на оваа важна конференција, како модератори на две сесии посветени на новите правилници за функционирање на социјалните услуги за лична асистенција и помош во домот, како и за услугите во заедницата, односно дневните центри за различни целни групи.***

Правилниците, согласно Законот за социјална заштита, ќе стапат на сила до крајот на 2019 година.

## Активности на ЕАСПД

# Европска конференција “Нашиот персонал е важен!”

***Персоналот кој работи во секторот за поддршка и социјална заштита е непроценливо богатство за нашето општество, давајќи високо квалитетна поддршка што може да им овозможи на лицата да ги уживаат своите човекови права и да го достигнат целиот свој потенцијал. Со новиот Европски парламент и Европска комисија во следните 5 години, Европската асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост потенцира дека е време да ја препознаеме важноста на персоналот во секторот за поддршка и социјална заштита и да инвестираме во иднината на работната сила во секторот за попреченост.***

Сервисните служби за социјална заштита и поддршка го имаат клучот за создавање на социјална, инклузивна и просперитетна Европа. Преку високо квалитетни сервисни служби нашето **општество може да ги оспособи лицата да имаат еднаков пристап до своите човекови права; да ја олеснат социјалната инклузија**, како и да **промовираат рамнотежа меѓу работата и приватниот живот** и **родова еднаквост** за оние кои се грижат за нив. Сепак, без расположливоста на добро обучена работна сила, **ниту една од придобивките од тие сервисни служби не би била можна.**

Регрутирање и задржувањето на персоналот од социјалната заштита и поддршка станува се поголем проблем низ Европа, па ЕАСПД, Фондацијата за сервисни служби за лица со интелектуална попреченост и нивните партнери одржаа меѓународна конференција **„Персоналот е важен! Работната сила на утрешнината во областа на попреченоста”** на 3 и 4 октомври. Заедно, со над 300 учесници во Хелсинки, на конференцијата се истражување како може да се создадат услови за работната сила во областа на попреченоста да може да ги задоволи идните потреби на лицата со попреченост и нивните семејства.

Се разгледаа перспективите на корисниците на сервисни служби, персоналот и менаџерите на сервисните служби, како и истражувачи, локални власти, организации од граѓанското општество и пораката е јасна: **Да се работи во секторот за поддршка и социјална заштита може да биде високо наградувачка и значајна кариера, со бројни можности како за персоналот така и за професионалниот развој**. И покрај можностите што секторот ги нуди за потенцијалните вработени, сепак не успева да биде постојано прифатен како атрактивен работодавач. Доколку секторот сака да обезбеди дека е способен да регрутира персонал треба да ги исполни барањата на нашите општества, **мора повеќе да се направи за да се промовираат вредноста, влијанието и можностите за работа кои ги нуди социјалниот сектор**.

Со цел да се обезбеди дека секторот и неговата работна сила можат да го постигнат својот целосен потенцијал, од **суштинско значење е сервисните служби за социјална заштита и поддршка да имаат пристап до доволно ресурси кои ќе им овозможат** задоволување на потребите на корисниците и на персоналот**. James Crowe, претседател на ЕАСПД, ја повтори важноста од инвестирање во сервисните служби за социјална заштита и поддршка и улогата што ЕУ може да ја има во сето ова**. Говорејќи на конференцијата тој потврди дека: *„Тековната недоволна инвестиција во секторот ја поткопа можноста на социјалните сервисни служби да им ја обезбедат на работната сила соодветната обука и поддршка што им е потребна. Преку следниот долгорочен буџет на ЕУ, Европската унија може да* ***обезбеди можности за многу потребни инвестиции во овој сектор****, што не само што ќе помогне да се* ***отворат повеќе еднакви и инклузивни општества****, туку може да се* ***поддржи и еден од најголемите креатори на работни места во ЕУ да обезбеди значајно вработување на уште повеќе луѓе***.”

Гледајќи во идната имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост James Crowe продолжи, *„Персоналот е најголемата вредност на нашите сервисни служби, и тие се клучните имплементатори на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост.* ***Идната Европска стратегија за попреченост мора да ја прифати важноста на персоналот во сервисните служби за поддршка*** *и улогата што тие ја имаат во оспособувањето на лицата со попреченост да имаа пристап до клучните права и сервисни служби, како и целосно да учествуваат во нивните заедници*.”

Покрај важноста на сервисните служби во целосната имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, Kirsi Konola, заменик претседател на ЕАСПД, ја истакна **важноста на овој сектор во постигнувањето на економија на добросостојба**. Додавајќи на коментарите на James Crowe, таа нагласи: *„Само преку обезбедување на* ***високо квалитетни социјални сервисни служби, со силна и добро обучена работна сила, економијата на добросостојба може да стане реалност***.”

Вториот ден од конференцијата ќе се надогради на дебатите од првиот ден и ќе продолжи со можностите за дискусии во однос на предизвиците и можностите со кои се соочува секторот. Овој дијалог е **суштински за да се обезбеди дека секторот може да се развива и да ги исполни идните барања на нашите заедници**, а дополнителни платформи, вклучително и на ниво на ЕУ, се потребни за **да се олесни социјалниот дијалог** меѓу персоналот и работодавачите.

# Наша Страница

## Интерактивна кулинарска работилница со шеф Марк Де Јонг

Корисниците на двата дневни центри – ПОРАКА Скопје на 27-ми декември 2019 година учествуваа на интерактивна кулинарска работилница со шеф Марк Де Јонг. Во позитивна атмосфера и убаво расположение корисниците заедно со познатиот готвач подготвија празничен ручек.







Упатуваме голема благодарност до шеф Марк што ни посвети внимание и го разубави празничниот период на нашите корисници!!!





ISSN 0350-5863

ПОРАКА